Посветена на оние што не' испадија по леб во туѓина.

Со торба на рамо, со чук и мистрија,

на печалба дедо во туѓина бил,

по Турско, по Влашко, дури по Австрија,

гурбетскиот живот крвта му ја пил.

На проклети градби леел реки пот

и ронел тој младост за крвави пари,

спиејќи по визби, живејќи ко скот,

создавал богатства за грст господари.

Грош по грош собирал, јадел леб и сол

и вечер на свеќа со вошки се борел;

во мисли по дома срце кинел бол,

а мозок заморен во кошмари горел.

„О, несреќно земјо, татковино драга,

страдна си и гладна!“ — мислел секој ден

„О, невесто милна с' таа витка снага,

животот е за нас и црн и студен!

О, дечиња мои, пилци леснокрили

раснете без татко, страдате од лулки

о, полиња китни, о предели мили,

расцутени в пролет со црвени булки.“

Така чезнел дедо в туѓината ладна

жив закопан човек во јад и во жал

и в тешката борба со судбата гадна

на млади години „цуцулист“ станал.

За правда и живот за чест и слобода,

тој развевал знаме црвено ко крв

на митинзи бурни, ко што било „мода“,

или во штрајкови одел сегде прв.

Мразел богаташи и туѓи и наши

и сонувал тогаш еден живот нов,

без султан, без бегој и нивните паши

и без дерикожи од секаков ков.

Со соништа такви тој умре пред време,

не го виде толку саканиот строј

во кој работникот под „сопствено“ бреме

роб робува сега на системот „свој“.

О, стресни  се земјо од адски длабини

та да стане сега дедо ми од гроб,

па да види како внук му во туѓина

гурбетчија станал, бел продаден роб!

Гост на визби влажни и чаднн тавани,

на фабрики бучни кај младоста гине,

кај срцето тлее во најлути рани,

кај животот скотски во бигори мине.

Пусто да си, пуста, судбино проклета

ти со пцешка верност наш што следиш сој,

та скитаме ние по туѓина клета

без разлика судбо, на општествен строј!

*Печалбар*

1. »цуцулисти«: социјалисти за простите македонски луѓе



Бр. 2 МАКЕДОНСКА НАЦИЈА Стр. 17

**СРПСКАТА МЕГАЛОМАНИЈА УШТЕ ЖИВЕЕ**

**(Продолжение од ст. 5)**

регионална основа, а тоа решение не е тешко да се најде, него го пружа самата југославенска пракко и онаа »Од нашата книжевност од феудалниот период« не само што служат за воспитување на генерации, туку обимно се пласираат и во странство како »југословенски«, па дури и како »српски« фолклор — завршил Б. Ристовски.

На ова заседание било и истакнато дека на македонскиот фолклор му се нанесуваат големи штети во некои ТВ и радио емисии, во кои тој е прикажуван заедно со српскиот, босанскиот и црногорскиот фолклор, без посебно национално обележување.

**СЕГА И СРПСКО ПРАШАЊЕ!**

**(Продолжение од ст. 6)**

тика. Србите во Лика и Кордун можат да добијат автономија во рамките на хрватската република, онаква со каква располагаат Албанците на Косово. По наше мнение, ова е единствениот пат и начин за едно вистинско и праведно решение на ова прашање. Србите во Хрватска имаат полно право да уживаат права кои што федерацијата ги пружа и на некои други национални малцинства (Албанците и Унгарците).

Л. Икономов

*ПЕЧАЛБАРСКА*

Посветена на оние што не' испадија по леб во туѓина.

Со торба на рамо, со чук и мистрија,
на печалба дедо во туѓина бил,
по Турско, по Влашко, дури по Австрија,
гурбетскиот живот крвта му ја пил.

На проклети градби леел реки пот
и ронел тој младост за крвави пари,
спиејќи по визби, живејќи ко скот,
создавал богатства за грст господари.

Грош по грош собирал, јадел леб и сол
и вечер на свеќа со вошки се борел;
во мисли по дома срце кинел бол,
а мозок заморен во кошмари горел.

»О, несреќно земјо, татковино драга,
страдна си и гладна!« — мислел секој ден —
»О, невесто милна с' таа витка снага,
животот е за нас и црн и студен!

О, дечиња мои, пилци леснокрили
раснете без татко, страдате од лулки,
о, полиња китни, о предели мили,
расцутени в пролет со црвени булки . . .«

Така чезнел дедо в туѓината ладна —
жив закопан човек во јад и во жал
и в тешката борба со судбата гадна
на млади години »цуцулист« станал.

За правда и живот, за чест и слобода,
тој развевал знаме црвено ко крв —
на митинзи бурни, ко што било »мода«
или во штрајкови одел сегде прв.

Мразел богаташи и туѓи и наши
и сонувал тогаш еден живот нов,
без султан, без бегој и нивните паши
и без дерикожи од секаков ков.

Со соништа такви тој умре пред време,
не го виде толку саканиот строј —
во кој работникот под »сопствено« бреме
роб робува сега на системот »свој«.

О, стресни се земјо од адски длабини
та да стане сега дедо ми од гроб,
па да види како внук му во туѓина
гурбетчија станал, бел продаден роб!

Гост на визби влажни и чадни тавани,
на фабрики бучни кај младоста гине,
кај срцето тлее во најлути рани,
кај животот скотски во бигори мине.

Пусто да си, пуста, судбино проклета
ти со пцешка верност наш што следиш сој,
та скитаме ние по туѓина клета,
без разлика судбо, на општествен строј!

Печалбар

1. »цуцулисти«: социјалисти — за простите македонски луѓе.

**»ЈАС НЕ ОЧЕКУВАМ БРЗО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА. ТОА МОЖЕ ДУРИ ДА НЕ ДОЈДЕ ДОДЕКА СУМ ЖИВ, НО ЈАС САКАМ ДА ГО ЗАЧУВАМ НАРОДОТ И ДА ГО ОРГАНИЗИРАМ, И АКО ТОА СТАНЕ, ТОЈ ЌЕ СИ ЈА ИЗВОЈУВА СВОЈАТА СЛОБОДА КОГА МУ СЕ ПРУЖИ ПРИЛИКА«.**

**Јане Сандански**